GS1 Македонија

# GS1 е-ИНФО

Бр.18 - Декември 2014



## СРЕЌНА НОВА ГОДИНА 2015

# Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

Ние длабоко веруваме во моќта на GS1 стандардите да можат да го трансформираат и подобрат начинот на кој работиме и живееме. Се надеваме дека многумина од Вас и лично се уверија во тоа, применувајќи ги GS1 стандардите во своето деловно работење, а особено нашите партнери во проектите.

Благодарни сме на Вашата континуирана подршка и веруваме дека заедно со Вас ќе може да ги совладаме предизвиците кои не очекуваат во наредната година.

Ви посакуваме многу среќа и просперитет на личен и професионален план на Вас и Вашите семејства во Новата 2015 Година.

Во овој број на е-Инфо ќе Ве запознаеме со влијанието врз Вашите бизнис процеси на креирањето на квалитетни матични податоци и нивното менаџирање. Написот е во контекст на претходните наши стручни изданија поврзани со ЕУ Регулативата 1169/2011 која за земјите членки на ЕУ стапи на сила на 13 декември 2014 година, а во нашата Република се планира во јуни 2015 година и аналогно на тоа и Вашето приклучување кон нашиот GS1 Каталог.

Размената на точни податоци за набавувачот и потрошувачот е клучна за овозможување на плодна бизнис комуникација меѓу бизнис партнерите. Менаџирањето со матичните податоци за производите е покомплексно од едноставната размена на податоците за компаниите меѓу бизнис партнерите. Грешките кои настануваат поради отсуството на GTIN (бар код) во фактурите и нарачките или неправилен опис на производите најчесто водат до погрешни производи да бидат нарачани и испорачани.

Високиот квалитет на матичните податоци за Вашите производи е клучен елемент во бизнис процесите. Квалитетот на податоците влијае на сите процеси во дистрибутивниот синџир, од нарачка до испорака, а има влијание и на сите видови на процеси во електронската комерција.



Слаѓана Милутиновиќ,
извршен директор



# Како да се овозможи задоволителен квалитет на податоците во Вашата компанија?

## Воспоставете контрола на квалитетот на податоците за Вашите производи со користење на GS1 GDSN стандардите

Размената на точни податоци за набавувачот и потрошувачот е клучна за овозможување на плодна бизнис комуникација меѓу бизнис партнерите. Менаџирањето со матичните податоци за производите е покомплексно од едноставната размена на податоците за компаниите меѓу бизнис партнерите. Грешките кои настануваат поради отсуството на GTIN (бар код) во фактурите и нарачките или неправилен опис на производите најчесто водат до погрешни производи да бидат нарачани и испорачани.




Од друга страна, трговците можат да се соочат со проблеми за логистичко менаџирање на нивните магацини, дистрибутивни центри и продавници, бидејќи ги немаат точните димензии за нивните производи. Планирањето на патеката за достава на производите е автоматизиран и се адаптира дневно на нарачките кои ги добил трговецот. Доколку системот за одредување на патеката не ги содржи точните димензии на производот, погрешно ќе го одреди планираниот простор за производот од транспортното возило за да се исполнат нарачките.

Високиот квалитет на матичните податоци за Вашите производи е клучен елемент во бизнис процесите. Квалитетот на податоците влијае на сите процеси во дистрибутивниот синџир, од нарачка до испорака, а има влијание и на сите видови на процеси во електронската комерција.

## Што ќе се случи ако квалитетот на податоците не е на задоволително ниво?

Во оваа секција ќе ги разгледаме најчестите проблеми што се случуваат доколку се разменуваат податоци со лош квалитет и како тоа влијае на финансиските резултати.

## Нарачување

Што ќе се случи доколку трговецот случајно нарача погрешен GTIN, на пример кутија наместо палета? Потрошувачот ќе се пожали за погрешната достава и набрзо ќе нема залиха од производот. Ваквата грешка ќе влијае финансиски на два начини:

1. Нема да се оствари истиот приход кој што би се остварил ако се нарачала палетата.
2. Набавувачот ќе добие лоша репутација, и покрај тоа што во случајот вистинскиот виновник е самиот трговец.

# Фактурирање



Доколку претпоставиме во претходниот случај дека набавувачот е свесен за направената грешка со погрешниот GTIN и му достави палета, наместо кутија, иако во документацијата при нарачката е наведено дека треба да се достави кутија. Што ќе се случи со фактурирањето?

Доколку набавувачот му испрати фактура на трговецот со точниот GTIN – GTIN-от на палетата, трговецот нема да може автоматски да се процесира фактурата, бидејќи нема да се совпаѓаат GTIN-от на нарачката и на фактурата.

Единствено решение е рачно решавање на проблемот, што одзема време и ресурси на обете страни. Трговецот мора да го повика набавувачот и заеднички да ја променат документацијата. Мора да се земе во предвид дека трговците и набавувачите може да имаат илјадници фактури дневно. Рачното решавање на проблемот ќе води и до задоцнето плаќање на фактурата, што ќе има непосакувани финансиски последици.

# Е-комерција




B2C online купувањето, односно е-комерцијата, станува значајна алатка во маркетингот и деловното работење на компаниите. Сепак, клучен елемент за да успее online продавањето и купувањето е високиот квалитет на податоците за производите.

Кој треба да биде извор на податоците за производите? Се разбира производителот на производот или дистрибутерот, кој што ја има можноста да ја воспостави потребната контрола на квалитетот на податоците и е одговорен за успехот од продажбата.

Податоците за производите во електронските продавници мора да бидат споредливи со информациите кои се содржани на физичкото пакување на производот. Се поставува прашањето колку е потребно да се инвестира во дизајнот на пакувањето за да се привлече потрошувачот и да се натера да го купи производот. За да да се биде компанијата успешна во електронската трговија, таа мора да им понуди на потрошувачите податоци за производите со висок квалитет (слики со висока резолуција, добро напишани и опширни описи за производите, нутритивни факти, алергенси, состојки, ...).
Тоа е најдобар начин да се зголеми продажбата!

# Одговорност

Постојат разновидни регулаторни и правни барања во врска со податоците за производите, без разлика дали се прикажани на пакувањето или на веб страница. Секој производител е обврзан да понуди одредени клучни информации за производите до неговите потрошувачи, без разлика на каналот преку кој го продава производот (физички или електронски). Доколку податоците не се

точни, навремено ажурирани или нецелосни, одговорноста лежи кај провајдерот на податоците (производителот или дистрибутерот).

## Што е квалитет на податоците?

Поимот “квалитет на податоците” е сложен термин, кој што опфаќа повеќе области:

- Комплетност (целосност): Податоците за производите треба да бидат целосни. На пример, освен GTIN за секој производ, потребно е да се содржат и димензионалните информации – висина, ширина и длабочина. Комплетноста зависи од категоријата на производот (сите физички производи треба да имаат димензионални информации, сите нефизички производи типично не ги содржат).Постигнувањето на високо ниво на квалитет на податоците е исто така комплексно, бидејќи конкретната дефиниција за потполноста зависи од бизнис процесите во кои се користат податоците, како и од природата на податоците. На пример, ако се работи за електронска продажба, потребно е и да се користат слики. На тој начин, иако комплетноста изгледа како едноставен и тривијален концепт, сепак таа директно зависи од тоа како провајдерите и корисниците на податоците ќе ги користат податоците.

- Конзистентност: Тоа е поедноставен дел од квалитетот на податоците, бидејќи не зависи од начинот на кој што се користат податоците. Пример за конзистентност се податоците кои се користат во рамките на хиерархијата на пакувањето. Ако се користат податоци за “кутија” или “палета”, во тој случај се снабдува и атрибутот “Квантитет на трговски единици на наредното пониско ниво”. Овој атрибут треба да биде конзистентен со атрибутот “Квантитет на содржани основни трговски производи”.




- Точност: Податоците треба да бидат колку што е можно поточни. Тоа особено се однесува на димензиите на производот и на алергенсите. Ако производот не содржи лешници, во тој случај тој треба точно да се идентификува дека нема траги од лешници во неговиот состав.

- Коретност: Ако имаме податоци за одреден атрибут, тогаш податоците треба да бидат точни. Ако тежината е “100 g”, тогаш во никој случај не смее да се внесе “200 g”.

- 

- Ажурираност: Податоците се временски се менуваат. Најчести промени настануваат во големината на производот, или во нето содржината. Поради тоа потребно е да се знае дали податоците се валидни, односно дали е направена потребната промена.

Квалитетот на податоците не е апсолутна мерка. Не би било можно да се пресмета квалитетот на податоците врз одредени податоци за производот, доколку не се разгледа и околината и барањата за тој производ споредено со информациите за производот. Со други зборови, податоците

и квалитетот на податоците треба да ги исполнуваат барањата.

Генеричките димензии (комплетност, конзистентност, точност, коректност и ажурираност) на квалитетот на податоците, во согласност со барањата на бизнис процесите и точните информации за производите, одредуваат што е квалитет на податиците во секоја бизнис околина и како да се измери квалитетот на податоците.




**„Квалитетот на податоците не е само IT проект“**

Доколку компанијата планира да ја промени својата IT инфраструктура и да инвестира во централен систем за менаџирање со матичните податоци за производите, во тој случај сите веќепостоечки бизнис апликации треба да бидат интегрирани во новиот централизиран систем. Меѓутоа, доколку компанијата сака да осигура квалитет на податоците и правилно менаџирање на матичните податоци како бизнис процеси, тогаш е потребно да се превземе попрагматичен пристап.

Во секој централен систем за менаџирање потребно е да е содржан:

- Единечен извор на точни податоци за производите кои ќе му бидат понудени на потрошувачите. Овој извор не секогаш мора да биде внатрешно софтверско решение на компанијата. Во многу случаи се користат веќе развиени ERP системи (на пр. SAP), преку кои се врши менаџирањето на податоците. Проблемот е што ваквите системи не секогаш ги содржат сите информации, кои ги бараат потрошувачите и многу тешко можат да се поврзат во GDSN каталозите. Решението е да се искористат основните матични податоци за производите кои се содржани во ERP решенијата и истите преку неколку чекори на дополнувања да се објават во посебни каталози, во кои веќе се дефинирани атрибутите кои се од интерес за потрошувачите (на пр. GS1 Каталогот). На тој начин IT инфраструктурата во компанијата останува непроменета. Во иднина овој извор на точни податоци за производите може да се користи и во внатрешните бизнис апликации на компанијата.
- Систем за известување при промена на податоците преку кој ќе се понудат алатки за известување на потрошувачите при настаната промена, мерење на бројот на проблеми кои се појавиле, пресметка на просечното време за корекција, итн.

Најзначајно од овој дел е да се запомни дека одговорноста за квалитетот на податоците не ја сносува единствено IT одделот, туку сите вработени одговорни за внесувањето и одржувањето на податоците.

## Кои се предизвиците?

Во следниот дел ќе ги презентираме најчестите предизвици со кои се соочени компаниите, како и можностите за решавање на клучните проблеми поврзани со квалитетот на податоците во рамките на компаниите преку новиот проект на GS1 Македонија- електронски каталог на македонските производи по GS1 стандарди - **GS1 Каталог**.

# Дали ги имате сите податоци за производите на едно место?

Најчесто компаниите не ги имаат сите податоци за производите на едно место. Во нивните софтверски решенија единствено се внесени основните матични податоци за производите. Нутритивните информации и алергенсите се зачувани во некои Word или Excel фајлови. B2C информациите (маркетинг информации, опис, декларација) не се подредени во структуриран начин и се среќаваат единствено на пакувањето или може да се најдат на веб страниците.



Како да се надмине овој предизвик?

Најдобар начин би било да се креира централизиран систем за чување на сите податоци за производите, кој што ќе претставува "единствен" извор на податоци за производите за сите други IT системи во рамките на компанијата.

Меѓутоа, ова решение повлекува драстични промени во IT инфраструктурата и е премногу скапо.

Алтернативен пристап е да се користи веќепостоечки систем во кој што се дефинирани атрибутите кои се потребни за потрошувачите (на пр. GS1 Каталог) и фокусот на проектот да се насочи кон собирање на податоците за производите од веќепостоечките системи во компаниите. Крајната цел е секако податоците за производите да бидат видливи и достапни за потрошувачите.

# Што доколку ги немате сите потребни податоци за производите?



Еден од предизвиците при подобрување на квалитетот на податоците е проблемот доколку во системот не се содржани сите потребни податоци за производот.

Пример за оваа ситуација е доколку е потребно да се внесе производ на хиерархиско ниво "кутија". Во GDSN, GTIN-от за кутија е задолжителен атрибут, па доколку не е доделен GTIN на кутиите, потребно е да се креира и додели нов GTIN за таа примена. Доколку таа информација нема потреба да се забележи во централниот ERP систем, тогаш менаџирањето на GTIN-овите може да се врши преку GS1 Каталогот.

Сличен е случајот со GTIN-овите за палети и информациите за палетите. Иако GTIN-овите не се задолжителни во GDSN, внесувањето на одредени информации за палетите на другите нивоа од пакувањето се задолжителни во GDSN. Во зависност од бизнисот, може овие информации да не се

внесени во софтверските решенија во компаниите.

Но што е со димензиите? Каде да се чуваат сликите? Во кој фајл се наоѓаат маркетинг информациите?

Рачното дополнување на податоците за производите и овозможувањето на пристап на корисниците до податоците може да се изврши преку GS1 Каталогот.

## Како да се осигурате дека внесените податоци се валидни?

Доколку не се воспостави механизам за проверка на внесените податоци во централизираните софтверски системи во компаниите, секогаш се ризикува дека внесените податоци може да бидат погрешни и невалидни. Доколку вакви погрешни податоци му бидат испратени на потрошувачите, потрошувачите може да реагираат на ваквите грешки и компанијата да претрпи финансиски загуби. Решението е едноставно: Преку GS1 Каталогот, податоците внесени за производите се проверуваат и се контролираат на повеќе начини, со што се овозможува подобрување на точноста на податоците.

## Што ако повеќе луѓе се одговорни за различни делови од податоците за производот?

Во големи организации и компании, најчесто повеќе луѓе, односно работни тимови се одговорни за контрола и преглед на сите податоци за производите. Поради тоа, различни луѓе имаат пристап до различни податоци за производот. Преку GS1 Каталогот, се овозможува вработените од различни сектори од компаниите да додаваат различни делови од податоците за производот, без при тоа да се зависни од внесувањето на податоците од другите сектори.

GS1 Македонија



ВИ ПОСАКУВА ВЕСЕЛИ ПРАЗНИЦИ И СРЕЌНА НОВА ГОДИНА

2015

